САМОСТОЕН СИНДИКАТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИТЕ КЛИНИКИ,
ЦЕНТРИ, КЛИНИЧКИ БОЛНИЦИ И ДРУГИ ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
INDEPENDENT TRADE UNION OF THE EMPLOYEES
IN THE UNIVERSITY CLINICS, CENTERS, CLINICAL HOSPITALS
AND OTHER PUBLIC HEALTH INSTITUTIONS
IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# И З Ј А В А

Јас, ___________________________________________, со ЕМБГ ____________________ како изнајмувач на апартман во викенд населбата „Андон Дуков“ во Охрид,во период од __________________ вработен/а во ЈЗУ ___________________________________________________

изјавувам дека во потполност сум информиран/а со следните правила за време на престојот во апартманот:

1. Корисниците на апартманите треба да се придржуваат кон мерките и препораките на Комисијата за заразни болести и тоа:

- мерки за лична хигиена (миење раце минимум 20 сек., кашлање и кивање во марамче за една употреба или на внатрешната страна на лактот и др.) и
- мерки за лична и колективна заштита: носење маски, држење дистанца од 1,5 до 2м при контакт со други лица, избегнување собири во групи и др.

2. Корисниците на апартманите треба да се придржуваат до условите пропишани во протоколот за работа на хотели и автокампови во услови на пандемија со Ковид-19 донесен од Владата на Република Северна Македонија.

3. Доколку гостите не се придржуваат до мерките и препораките на Комисијата за заразни болести и протоколот за работа на хотели и автокампови во услови на пандемија со Ковид 19, за време на престојот во апартманите, одговорноста и ризикот за заразување на корисниците на апартманите и ширењето на заразата на други лица со Ковид 19 е исклучиво на гостите во апартманот.

4. ССКЦ не ја превзема одговорноста и ризикот за заразување на корисниците на апартманот и ширењето на заразата на други лица со Ковид 19 за време на престојот на гостите во апартманите, по нивното предавање од страна на одговорното лице за апартманите или лице назначено од него.

5. Гостите сами обезбедуваат: јастучници, постелнина, прекривачи, ќебиња и сл., прибор за јадење, прибор за лична хигиена (пешкири, хартија за бришење раце и тоалетна хартија), средства за дезинфекција на раце (сапун), средства за дезинфекција на просториите во апартманот и приборот за јадење.

Ул. Мајка Тереза бр. 17, Скопје,
Република Северна Македонија
Тел/факс + 389 (0)2 3 147 116

Tel/fax + 389 (0) 2 3147 116

6. Гостите сами обезбедуваат средства за превенција и заштита од Ковид 19:

- маски за лице,
- средства за дезинфекција на раце (дезинфекциони средства на алкохолна база, во концентрација не помала од 70% или друго средство со декларирано вируцидно дејство и погодно за користење на кожа),
- хартиени бришачи за раце и останати материјали за еднократна употреба,
- средства и опрема за чистење и дезинфекција на просториите во апартманот, санитарните јазли и тоалети (регистрирани дезинфекциони средства кои дејствуваат против вируси, согласно упатството на производувачот, алтернативно може да се користи и 0,05% натриум хипохлорид (5% избелувач кој се користи во домаќинствата, да се разреди во сооднос 1:100) или 70% етилен алкохол за осетливи површини),
- кеси за отпад за еднократна употреба и др.

7. За горенаведените правила ќе ги информирам и лицата кои заедно со мене ќе престојуваат во апартманот кој јас го изнајмувам.

8. За куќниот ред во апартманите, за протоколот за работа на хотели и автокампови во услови на пандемија со Ковид-19 донесен од Владата на Република Северна Македонија и телефонските контакти за центрите за јавно здравје ќе се информирам од веб страницата на синдикатот.

За секое непридружување до правилата од оваа Изјава, правилата на куќниот ред и протоколот за работа на хотели и автокампови во услови на пандемија со Ковид-19 донесен од Владата на Република Северна Македонија, од моја страна или од страна на лицата кои заедно со мене ќе престојуваат во апартманот кој сум го изнајмил, **лично ја превземам одговорноста**.

______________ 2020 година, Скопје

Изјавил,

____________________________